Машински факултет
Број 02- 1757/1
9.11.2026 год.
Скопје

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/2018, 178/2021), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 425/2019) и член 28 од Статутот на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019 и 635/22), Деканот на Факултетот на 9.11.2026 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за распишување на избори за членови на Факултетското студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје

Член 1

Се распишуваат избори за 9 членови, од кои 8 членови и 1 претседател - член на Факултетското студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Член 2

Изборите за членови и за претседател на Факултетското студентско собрание ќе се спроведат на 17.12.2026 година, на Машинскиот факултет во Скопје.

Член 3

Се именува Изборна комисија за спроведување на непосредни и тајни избори за членови и за претседател на Факултетското студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје, во следниов состав:

1. Доц. д-р Александар Ѓерасимовски - член
2. Асс. д-р Александар Аргиловски - член
3. Петар Палевски, студент - член
4. Филип Довлев, студент - член
5. Александра Манчевска, студент - член

Член 4

Комисијата од став 1 на овој член може да избере избирачки одбори/поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, односно соработник за спроведување на изборите.

Изборната комисија донесува Упатство со кое ќе го утврди начинот на работа, начинот на предлагање и утврдување кандидати, изгледот на гласачкото ливче, образецот на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

Член 5

Кандидатите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири на студентите по студиски програми, со тоа што од секоја студиска програма се предлагаат кандидати за претставници во Факултетското студентско собрание.

Собирите на студенти по студиски програми ќе се спроведат во термини кои ќе ги определи Изборната комисија, најдоцна до 3 декември 2026 година.

За избрани членови и претседател на Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите, односно кандидатот кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

Член 6

Изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје да се спроведат фер, демократски и тајно, во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'' во Скопје и Статутот на Машинскиот факултет во Скопје.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на web страната на Факултетот.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Златко Петрески

Изготвил: Н. Алексиќ